**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

# ПРЕДЛОГ НА

# ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Скопје, ноември, 2023 година**

**ВОВЕД**

**I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**

Владата на Република Северна Македонија во 2021 година, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020-2024 година, ја донесе првата Националната стратегија за развој на социјални претпријатија со Акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија 2021 – 2023 година, со кој документ се дефинираат основните цели и клучните активности за периодот 2021-2027 година.

Во Националната стратегија за развој на социјални се утврдени пет пакет мерки, групирани во пет приоритети за 2021-2027 година, со цел да се создаде соодветна правна, финансиска и институционална рамка за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија. Визијата, целите и приоритетите на Стратегијата ги следат стратешките ориентации на Европската Унија и нејзината Иницијатива за социјален бизнис. Истовремено, мерките за поддршка на социјалните претпријатија ќе придонесат и кон остварување на Целите на одржлив развој бидејќи социјалните претпријатија и социјалната економија креираат одржливи општествени решенија за сегашните предизвици во повеќе домени, како што се борба против сиромаштија, праведни услови за работа, застапување за партиципативна демократија, развој на решенија кои се поволни за животната средина, итн.

Треба да се има предвид дека потребата од функционирање на социјалните претпријатија е од особено значење бидејќи тие имаат важна улога на поттикнувачи на промени при транзиција на земјата кон поправедна, поинклузивна, партиципативна и одржлива економија и општество, особено преку нивната вклученост за развивање на циркуларна, споделувачка, паметна и зелена економија, истите имаат свое место во плуралистичката пазарна економија и се препознаваат како пионерски иницијативи на деловно работење на граѓаните и заедниците во корист на луѓето и на планетата, наместо само за сопствениците и акционерите. Социјалните претпријатија поврзуваат соодветни и достапни финансиски, материјални, интелектуални или човечки ресурси од низа чинители кои работат во целосно развиен и поврзан, отпорен и одржлив екосистем за социјални претпријатија и се интегрирани во граѓанското општество, вклучени се во воспоставување и развој на социјални иновации, нови форми на пристојна работа и социјална интеграција на загрозените лица, обезбедуваат производи и услуги (вклучително и финансии), поттикнати се и поддржани од локалните заедници и од граѓаните заради остварување на социјални, општествени, културни и еколошки цели, придонесуваат за намалување на неформалната работа и обезбедуваат алтернативи наместо миграција на квалификуваните и социјално посветените граѓани. Екосистемот за развој на социјалните претпријатија е треба да биде отпорен и одржлив, за да им овозможува на социјалните претпријатија да имаат важна улога во општеството и е во согласност со промените кои се случуваат во земјата со цел усогласување со политиките и стратегиите на Европската Унија. Имено, во последната декада, на глобално ниво во Европската Унија идентификуван е значаен пораст на социјални претпријатија. Европската комисија ја препознава важноста на социјалните

претпријатија како еден од клучните елементи за надминување на тековните социјални и економски проблеми. Денес, социјалната економија во Европската Унија обезбедува повеќе од 13.6 милиони платени работни места, вклучува над 82.8 милиони волонтери и 232 милиони членови кои учествуваат во донесувањето на одлуките. Европската Комисијата препознава дека социјалната економија промовира одговорност, заедништво, солидарност и истовремено генерира општествено влијание.

Владата на Република Северна Македонија и засегнатите страни ја искажаа потребата од заедничко делување за поттикнување на развојот на социјалните претпријатија и екосистемот во кој делуваат, креирање и имплементација на политики и развивање на посилни односи меѓу чинителите во екосистемот на социјалните претпријатија. Со донесување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија 2021 – 2023 година, Владата на Република Северна Македонија, ја потенцираше потребата од развојот на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија, како долгорочната визија. За реализација на наведената определба и визија на долгорочна основа неопходно е донесување на правна рамка за функционирање на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија, што е во согласност со првиот приоритет од оваа Стратегија за обезбедување на еднаков правен статус и придобивки за сите видови социјални претпријатија, со донесување на посебен закон кој ќе ја уреди оваа област.

Процесот на подготовка на Предлог на Законот за социјалните претпријатија, беше поддржан во рамките на ИПА Проект „Поддршка на социјални претпријатија“. Министерството за труд и социјална политика формираше работна група од претставници на релевантните министерства, институции и обезбеди вклучување на сите засегнати страни. Се ангажираа меѓународни и домашни експерти, со што се обезбеди поддршка за изготвување на Предлог на Закон за социјалните претпријатија. Ваквиот пристап обезбеди инклузивен, транспарентен и сеопфатен процес преку консултативен процес со засегнатите страни, а во текот на изготвувањето на овој предлог на закон земени се во предвид добиените мислења и предлози. На овој начин се допринесе за заедничко разбирање на концептот, факторите на успех и влијанието на социјалните претпријатија.

Засегнатите страни ја искажаа потребата за поттикнување на развојот на социјалните претпријатија и нивниот екосистем, вклучување во процесот на креирање и имплементација на политиките и развивање на посилни односи меѓу чинителите во екосистемот на социјалните претпријатија.

Имајќи го во предвид наведеното, а и причините што во последните неколку години, сѐ повеќе организации се идентификуваат себеси како социјални претпријатија или започнаа да основаат социјални претпријатија, евидентна е потребата за донесување на посебен закон со кој ќе се утврдат услови и критериуми за стекнување и престанување на статусот на социјално претпријатие, условите за работа, инструментите за поддршка и развој на социјалните претпријатија, посебните услови за работа на социјалните претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање и социјалните претпријатија за работна интеграција, надлежностите на Националниот ресурсен центар за

поддршка на социјалните претпријатија, надлежностите за спроведување и следење и други прашања од значење на социјалните претпријатија.

Со донесувањето и имплементацијата на овој пропис ќе се обезбеди препознавање, поттикнување и функционирање на социјалните претпријатија и во нашата земја.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлогот на Закон за социјалните претпријатија е да се овозможи:

- развој на социјалното претприемништво преку функционирање на социјални претпријатија,
- создавање поволна деловна средина за развој на социјалните претпријатија,
- обезбедување правно признавање на социјалните претпријатија, видливост и препознавање на потребата за нивниот развој од страна на институциите, фондовите и останатите општествени чинители, како иновативен модел за вработување, социјална интеграција на лицата од социјално ранливи групи, обезбедување на производи и/или услуги,
- можност за инвестирање, еднаков пристап на социјалните претпријатија до фондовите за развој, програмите за поддршка за вработување и за унапредување на работењето и вклучување во социјални иновации,
- разбирање на концептот на социјално претприемништво и на различните форми и модалитети на работа на социјалните претпријатија.

Донесувањето на Закон за социјалните претпријатија ќе придонесе за подобрување на севкупните економски односи, ќе го поттикне економскиот раст на економијата, а со тоа ќе се придонесе за зголемен вкупен економски раст и развој во Република Северна Македонија, како и за активација на корисниците различни видови на социјална помош.

Со овој пропис на системски начин се регулира функционирањето на социјалните претпријатија кои со своето работење ќе имаат значајна улога за развој на економијата, преку нивната работа на пазарот на трудот и иновативен начин на вработување на одредени категории на невработени лица.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Работата на социјалните претпријатија ќе има позитивно влијание на постоечките општествени проблеми и нивната активност ќе покрива разновиден спектар на економски, социјални и еколошки прашања. Преку развој на бизниси кои примарно делуваат на обезбедување на општествена вредност и корист, социјалните претпријатија може значително да придонесат за постигнување социјална кохезија, борба против сиромаштијата и зголемено вработување, унапредување на конкурентноста на економијата, зачувување на ресурсите, вреднување на наследството и на биолошката разновидност и подобрување на квалитетот на животот во целина, со што ќе допринесе за подобрување на состојбата во буџетот и другите јавни финансиски средства.

## IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на законот ќе биде потребно да се обезбедат финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 88.704.516 денари, на годишно ниво.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

### I. Глава

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат целите и принципите на работа на социјалните претпријатија, условите, критериумите и постапката за стекнување и престанување на статусот на социјално претпријатие, посебните форми на социјални претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање и социјалните претпријатија за работна интеграција, системот за поддршка и развој на социјалните претпријатија, евиденцијата, следењето и надзорот над работата на социјалните претпријатија и други прашања од значење за социјалните претпријатија.

**Цел на законот**

**Член 2**

Цел на овој закон е да овозможи правно регулирање, воспоставување, поддршка и развој на социјалните претпријатија.

**Дефиниции и поими**

**Член 3**

(1) Определени изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. **„Социјално претприемништво“** е активност која ја спроведуваат поединци или групи, без притоа да демонстрираат организациски карактеристики (модели за управување, забрана за дистрибуција на профитот и сл.), со главна цел остварување на општествени цели.

2. **„Социјално претпријатие“** е правно лице чија цел е преку претприемачка активност да оствари позитивно општествено и/или еколошко влијание наместо максимизирање на профитот за неговите сопственици или засегнати страни, преку својата работа да обезбедува производи и услуги на пазарот на претприемачки или иновативен начин и да го користи својот профит и средства првенствено за постигнување на општествените и/или еколошките цели и истото е управувано на транспарентен и одговорен начин што ги вклучува вработените, потрошувачите и засегнатите страни.

3. **„Работна интеграција“** се активности на социјални претпријатија кои вработуваат лица во ризик од социјална исклученост на пазарот на трудот и работат на социјална реинтеграција и работно ангажирање преку нивно директно вклучување во работни активности и работен процес.

4. **„Социјална реинтеграција и работно ангажирање“** се активности на социјалните претпријатија насочени кон советување, учење, мотивација и стекнување на нови знаења и вештини преку обука, практична работа и/или менторство за работна интеграција, со цел

да се стекне, обнови или да се одржи способноста за самостојно извршување на работа на пазарот на трудот, вклучително и професионална рехабилитација, како и зајакнување на социјалните вештини за вклучување во секојдневниот живот.

5. **„Менторство за работна интеграција“** е поддршка во процесот на работно интегрирање преку препознавање на афинитетите, капацитетите и силните страни на менторираното лице врз чија основа се препознава најсоодветна работна позиција за соодветно развивање и напредок на лицето .

6. **„ Лица од социјално ранливи групи “** се лица кои се изложени на социјален ризик, социјална исклученост или се наоѓаат во социјален проблем, на кои им е потребна организирана општествена поддршка да се интегрираат на пазарот на трудот и во заедницата и тоа:

- лица кои користат права и услуги од социјална заштита, согласно закон;
- лица кои имаат проблем со зависности, по добиено мислење од соодветната здравствена установа по спроведена програма за детоксикација;
- лица со ментални заболувања;
- лица кои живеат со ХИВ;
- лица за време и по издржување на казната затвор и лица спрема кои се извршуваат пробациски работи;
- лица кои немаат оформено основно и средно образование, како и лица со завршено основно образование;
- млади лица кои имале статус на дете без родители и родителска грижа или млади во судир со законот;
- долгорочно невработени лица ;
- бегалци со признаен статус и раселени лица вклучени во програми за реинтеграција;
- лица повратници, по основ на договорите за реадмисија;
- бездомни лица;
- самохрани родители;
- лица со попреченост;
- лица кои преживеале родово базирано, семејно, врсничко или друг вид на насилство;
- лица од осиромашени рурални подрачја кои се соочуваат со социјална и економска исклученост;
- лица кои имаат специфични социјални проблеми и кои имаат потреба од подготовка за самостоен живот, и
- други категории на лица од социјално ранливи групи, дефинирани со закон.

7. **„Социјални претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање“** се социјални претпријатија чии активности се насочени кон подобрување или стекнување на нови квалификации, компетенции, знаења и вештини на лица од социјално ранливи групи, преку нивна обука и работа, а со цел за нивен полесен пристап до пазарот на труд, работејќи на полето на социјално работно ангажирање.

8. **„Социјални претпријатија за работна интеграција“** се социјални претпријатија чија примарна цел е вклучување на лица од социјално ранливи групи во работен процес, за да ги интегрираат на пазарот на трудот.

9. **„Корисници на социјални претпријатија“** се лица кои ги користат добрата и услугите на социјалното претпријатие или се вработени во социјалното претпријатие.

10. **„Договор за социјално работно ангажирање“** е договор со кој се уредуваат правата, обврските, условите и надоместокот за обука и работно ангажирање на лица од социјално ранливи групи во социјалните претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање.

11. **„Практична работа“** е работно ангажирање на лица од социјално ранливи групи, при што преку работа и учење се стекнуваат со нови работни вештини и квалификации.

12. **„Социјална иновација“** е нова идеја која ги задоволува социјалните потреби, создава општествени врски и формира нова соработка преку создавање на производ, услуга или модел којшто поефикасно ги решава незадоволените потреби, го поттикнува прифаќањето на иновативни решенија на пазарот и го стимулира вработувањето.

13. **„Одржлив развој“** е развој што ги задоволува потребите на сегашните генерации без да ја загрози можноста идните генерации да ги задоволуваат своите потреби, развој што е социјално одговорен и правичен, прифатлив за животната средина и што се потпира на основните постулати на граѓанското општество, вградувајќи критериуми за заштита на природниот, социјалниот и културниот капитал и што подразбира урамнотежување на економските, социјалните и целите на животната средина и нивно интегрирање секогаш кога е тоа возможно, преку креирање на заемно поддржувачки политики и практики и изнаоѓање компромиси, кога не е возможна интеграција на целите.

14. **„Социјално влијание**“ е исполнување интерес на заедницата и обезбедување на социјално корисни услуги на лицата од социјално ранливи групи, намалување на сиромаштијата или делување на еден или повеќе општествени проблеми (образование, здравство, култура, уметност, заштита на животната средина и заштита на здравјето на населението, социјална заштита, и сл.), поттикнување на одржлив локален развој, праведна транзиција, истражувања, развој, научни и технички услуги, и информациски услуги.

**Принципи на работа на социјалното претпријатие**

**Член 4**

Работата на социјалното претпријатие се заснова на принципите на солидарност, доброволност, автономност, транспарентност, еднаквост и недискриминација, работење по пазарни принципи, одржлив развој, човекови права, демократско управување и одлучување и вршење на работи од јавен интерес.

## II.Глава

## СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Статус на социјално претпријатие**

**Член 5**

(1) Со статус на социјално претпријатие може да се стекне регистрирано правно лице кое е основано согласно закон и е запишано во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица што ги води Централниот регистар на Република Северна Македонија и ги исполнува условите од член 6 од овој закон.

(2) Со статус на социјално претпријатие може да се стекне домашно здружение или фондација кое ги исполнува условите од член 6 од овој закон.

(3) Социјално претпријатие од став 1 и 2 на овој член, со исполнување на посебните услови од член 22 и 30 од овој закон, може да се стекне со статус за посебна форма на социјално претпријатие и тоа:

- социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање и
- социјално претпријатие за работна интеграција.

(4) Субјектот од ставот (1) на овој член што се стекнал со статус на социјално претпријатие може да воспостави две или повеќе од посебните форми на социјални претпријатија од ставот (3) на овој член.

(5) Правните и физичките лица може да преземаат активности на социјално претприемништво без притоа да се стекнат со статус на социјално претпријатие.

**Услови за стекнување на статус социјално претпријатие**

**Член 6**

(1) Правно лице или од член 5 од овој закон може да се стекне со статус на социјално претпријатие доколку во статутот или актот за основање утврди дека:

- има мисија, цел и програма за дејствување за постигнување на позитивно социјално, општествено и/или влијание врз животната средина;
- врши постојани економски активности за остварување на мисијата;
- остварената добивка од економски активности ја користи за остварување на утврдените цели од став 1 алинеја 1 на овој член;
- средствата и имотот не ги распределува помеѓу членовите, основачите, правните застапници, членовите на органите на управување, вработените како и со нив поврзаните лица;
- на вработените, волонтерите и корисниците на социјалното претпријатие им гарантира учество во управувањето со социјалното претпријатие и информирање за одлуките кои се важни за работата и/или за квалитетот на произведените производи или услуги на социјалното претпријатие. Тоа може да се остварува преку формално учество во органите на социјалното претпријатие, советодавните тела и годишни средби или други форми што овозможуваат непосредно учество;
- работи транспарентно и отчетно во исполнувањето на својата социјална, општествена или еколошка цел и јавно ги објавува годишниот извештај за програмското и финансиското работење и годишна сметка и/или финансиски извештај;
- има независно управување за определување и остварување на целите и дејностите, кое не е контролирано од страна на органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје или од други профитни субјекти.

(2) Статусот на социјално претпријатие се определува за временски период од пет години, од денот на донесување на решението од членот 14 став (4) овој закон.

(3) Продолжувањето на важноста на статусот се врши со поднесување на барање до министерството надлежно за работите од областа на трудот, најдоцна 60 дена пред истекот на важноста на статусот, со доставување на потребните документи за исполнување на условите за добивање на статус на социјално претпријатие.

**Содржина на статутот или актот за основање на социјално претпријатие**
**Член 7**

(1) Покрај работите определени со закон согласно кој е основано правното лице од членот 5 од овој закон, статутот или актот за основање на социјалното претпријатие треба да ги уреди и следниве работи:
- дејностите со коишто се остваруваат целите предвидени со членот 6 став (1) алинеја 1 од овој закон;
- активности за постигнување на социјалното влијание;
- начинот на управување врз принципот на еднаквост;
- составот, условите за избор, делокругот и начин на работа на органите за раководење и управување со социјалното претпријатие;
- начинот на учество на вработените, корисниците и засегнатите страни во управувањето и раководењето;
- начинот на стекнување и располагање со средствата на претпријатието и начинот за употреба на добивката и распределба на вишокот на приходи;
- начинот на донесување и јавно објавување на програмски и финансиски извештаи (годишен извештај за работењето и годишна сметка и/или финансиски извештај);
- постапувањето со средствата и имотот во случај на престанок на социјалното претпријатие, и
- начин и постапка за измена на статутот или актот за основање.

(2) Со статутот или актот за основање на социјалното претпријатие можат да се уредат и други прашања од значење за работата на правното лице со статус на социјално претпријатие.

**Правни лица кои не можат да се стекнат со статус на социјално претпријатие**
**Член 8**

(1) Правното лице од член 5 од овој закон не може да се стекне со статус на социјално претпријатие ако:
- негов член или основач е политичка партија;
- во текот на постапката за добивање на статусот на социјално претпријатие, се утврди дека е отворена стечајна постапка или постапка за ликвидација;
- му е изречена санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- има неплатени даноци, придонеси за задолжително социјално осигурување, царини или друг вид на јавни давачки;
- против него се води постапка за присилно извршување;

- редовно не поднесува годишни финансиски извештаи согласно закон, и
- е основано од трговско друштво со цел да се пренесе дел од друштвото или дејноста, за создавање на нови работни места за работниците на кои им престанал работниот однос во друштвото.

## Области на делување на социјалното претпријатие

## Член 9

Социјалното претпријатие може да врши дејност согласно Националната класификација на дејности.

## Дејности што не можат да ги извршува социјалното претпријатие
## Член 10

(1) Социјално претпријатие не може да врши дејност за:
- производство на оружје и муниција;
- трговија со оружје, воена или полициска опрема или инфраструктура;
- трговија и производство на опрема или инфраструктура што ги ограничува индивидуалните права и слободи на луѓето;
- коцкање и обложување, и
- производство и трговија со тутун и алкохол.

(2) Социјалното претпријатие не може да врши активности кои вклучуваат тестирање на животни, доколку не се во согласност со Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на 'рбетници кои се користат за експериментални и други научни цели или чие влијание врз животната средина не може да се ублажи или неутрализира, активности кои се етички или морално контроверзни, во сектори како што се: генетски модифицирани организми, клонирање, нуклеарна енергија и купопродажба на недвижности заснована на шпекулативна основа, како и производство на нафта и нафтени деривати и активности што го спречуваат остварувањето на целите за одржлив развој на Обединетите нации.

## Вклучување на волонтери
## Член 11

Социјалното претпријатие може да биде организатор на волонтерска работа и може да вклучи волонтери, согласно со Законот за волонтерството.

## III. Глава
## ПОСТАПКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Комисија за утврдување статус на социјални претпријатија**

**Член 12**

(1) Постапката за стекнување, продолжување и престанување на статус на социјално претпријатие ја спроведува Комисија за утврдување статус на социјално претпријатие.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член ја формира министерот надлежен за работите од областа на трудот (во натамошниот текст: министерот) во состав од пет члена од кои еден од Министерството за труд и социјална политика, еден од Агенција за поддршка на претприемништво, еден од Македонска банка за обнова и развој, еден од здружение, предложен од Советот за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество и еден од Асоцијација на банки на Република Северна Македонија.

(3) Мандатот на членовите на Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие е пет години, со можност за повторен избор.

(4) Членовите на Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие и административното лице имаат право на годишен паричен надоместок кој го определува министерот надлежен за работите од областа на трудот, во износ од најмногу две просечни исплатени месечни нето плати во Република Северна Македонија за претходната година.

(5) Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие донесува деловник за работа.

(6) Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие ги разгледува барањата за стекнување и продолжувањето на важноста на статус на социјално претпријатие и изготвува мислење за исполнетост на услови за стекнување, продолжување и престанок на статус на социјално претпријатие, кое го доставува до министерот.

(7) Административно-техничките работи на Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие ги врши лице од министерството надлежно за работите од областа на трудот.

**Постапка за стекнување и продолжување на статус на социјално претпријатие**

**Член 13**

(1) За стекнување и продолжување на статус на социјално претпријатие, правниот субјект поднесува барање до Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие, по електронски или писмен пат.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложуваат докази за исполнување на условите од членовите 5, 6, 8 и 10 од овој закон.

(3) Правните субјекти што сакаат да се стекнат со статус на социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање, покрај доказите од ставот (2) на овој член, треба да приложат и докази за исполнување на условите од членот 22 од овој закон.

(4) Правните субјекти што сакаат да се стекнат со статус на социјално претпријатие за работна интеграција, покрај доказите од ставот (2) на овој член, треба да приложат и докази за исполнување на условите согласно членот 30 од овој закон.

(5) Како доказ дека социјалното претпријатие не извршува дејности и активности од член 10 од овој закон, правниот субјект до Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие доставува изјава од овластено лице, заверена од нотар и тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член и потребната документација ги пропишува министерот.

**Член 14**

(1) Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие, го разгледува барањето и приложените докази од членот 13 од овој закон, по што изготвува мислење за исполнетоста на условите од членовите 5, 6, 8 и 10 од овој закон, а за посебните форми на социјални претпријатија и за исполнетост на условите од член 22 и член 30 од овој закон, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

(2) Мислењето од став (1) на овој член се доставува до министерот.

(3) Министерот, врз основа на мислењето од став (2) на овој член, донесува решение за стекнување или продолжување на статус на социјално претпријатие, во рок од 15 дена од денот на добивање на мислењето на Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Запишување на статусот на социјално претпријатие**

**Член 15**

(1) Министерството надлежно за работите од областа на трудот решението за стекнување и продолжување на статус на социјално претпријатие, го доставува до Централниот Регистар на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на донесување на истото.

(2) Врз основа на решението од ставот (1) на овој член, Централниот регистар на Република Северна Македонија врши упис во соодветниот регистар, прибелешка во тековната состојба и документот за регистрирана дејност за статусот на правниот субјект.

**Престанување на статусот на социјално претпријатие**

**Член 16**

(1) На социјално претпријатие му престанува статусот доколку:

- врши распределба на средствата и имотот или директно или индиректно ја распределува добивката спротивно на одредбите од овој закон;

- злоупотребува јавни средства добиени  по пат на финансиска поддршка или средства  од  ослободувања или олеснувања наменети за социјалното претпријатие;
- има изречена забрана за вршење дејност со правосилна одлука од надлежен орган;
- исполнува некој од уловите утврдени  во член 8 од овој закон;
- извршува дејности и активности  предвидени согласно членот 10 од овој закон;
- не доставува  задолжителни извештаи од член 17 од овој закон;
- не работи согласно статутот или актот за основање и на тој начин работи спротивно на принципите на социјалното претприемништво или статутот или актот за основање е изменет  спротивно на овој закон, и
- се настанати статусни промени од член 20 од овој закон.

(2) На социјално претпријатие може да му престане  статусот и по сопствено барање.

(3) Министерот донесува решение за престанок на статусот на социјално претпријатие, врз основа на  мислење на Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие.

(4) Решение за престанок на статусот од ставовите (1) и (2) на овој член министерот го донесува во рок од 15 дена од денот на добивањето на мислењето на Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие,  односно од денот на доставување на барањето од ставот (2) на овој член.

(5) Министерството надлежно за работите од областа на трудот решението за престанок на статусот на социјално претпријатие го доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија,  во рок од три дена од денот на донесувањето.

(6) Против решението  за престанок на статусот на социјално претпријатие може  да се изјави жалба до Државната комисија  за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од  15 дена од денот на приемот на решението.

(7) Жалбата од став (6) на овој член не го одлага извршувањето на решението за престанок на статусот на социјално претпријатие.

(8) Правното лице на кое му престанал статусот на социјално претпријатие, може повторно да поднесе барање за стекнување на статус на социјално претпријатие по истек на една година од конечноста на решението за престанок на статусот.

## IV. Глава
## ОБВРСКИ НА СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### Обврска за известување
### Член 17

(1) Социјалното претпријатие има обврска да:

- ја извести Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие за секоја измена на статутот или актот за основање или други документи, што може да влијаат на условите за стекнување  на статус  на социјалното претпријатие, во рок од 15 дена, и

- достави годишен извештај за работењето и годишна сметка и/или финансиски извештаи во согласност со закон, до Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие, најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година.

(2) Формата и содржината на образецот на годишниот извештај од ставот (1) алинеја 2 на овој член, ја пропишува министерот.

**Располагање со средствата во случај на престанок на статусот на социјалното претпријатие**

**Член 18**

(1) Сите облици на финансиска поддршка добиени врз основа на овој закон престануваат со донесување на решението за престанок на статусот на социјално претпријатие. Непотрошените јавни средства и потрошените јавни средства спротивно на закон, правното лице мора да ги врати на органот кој ги доделил средствата.

(2) Материјалните средства добиени по основ на поддршка за работата на социјалното претпријатие, по престанување на статусот на социјално претпријатие правното лице има обврска да ги пренесе на социјално претпријатие со слична статутарна социјална, општествена или еколошка цел, со претходна согласност на Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие.

(3) Даночните ослободувања стекнати по основ на статус на социјално претпријатие престануваат со денот кога на правниот субјект му престанал статусот.

(4) Социјалното претпријатие по престанокот на работењето има обврска, да ги пренесе средствата на друго социјално претпријатие, здружение или фондација со иста или слична статутарна социјална, општествена или еколошка цел или на општина, општините во градот Скопје и градот Скопје за цели на социјално претприемништво, со претходна согласност од министерството надлежно за работите од областа на трудот.

(5) За враќање на средствата од ставот (1) на овој член и пренесување на средствата од ставот (2) на овој член, социјалното претпријатие доставува соодветен доказ во рок од 30 дена од денот на престанувањето на статусот на социјално претпријатие, до министерството надлежно за работите од трудот.

(6) Во случај на престанок на правниот субјект со статус на социјалното претпријатие, физичкото лице кое има својство на овластено лице солидарно одговара за неисполнетите обврски на социјалното претпријатие утврдени со овој закон.

**Користење на вишокот на приходи и остварената добивка**
**Член 19**

(1) Социјалното претпријатие остварениот вишок на приходи и/или добивка ја користи за:

- набавка на основни средства неопходни за извршување на активностите или за развој на социјалното претпријатие;
- одржување или зголемување на бројот на вработени;
- спроведување на едукација, практична работа и обука на вработени, работно ангажирани или волонтерите, и
- други развојни и непрофитни активности, а кои не преставуваат лична корист на членовите во правните лица.

(2) За распределбата и намената на користење на вишокот на приходи предвидени со став (1) на овој член, одлучува органот на управување на социјалното претпријатие.

(3) По исклучок, од став (1) на овој член, социјалното претпријатие што е основано од здружение или фондација, освен социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање, вишокот приходи и/или остварената добивка може да ја пренесе на основачот, за реализирање на годишната програма за остварување на утврдената мисија за постигнување на позитивно социјално, општествено и/или влијание врз животната средина, но најмногу до 50% од вишокот приходи и/или остварената добивка.

(4) Социјалното претпријатие е должно при распределбата на вишокот приходи и/или остварената добивка, а за утврдување на висината на платата, надоместоците и бонусите на раководните лица, да не го надмине износот од три просечни плати исплатени за претходната година во Република Северна Македонија, според податоци на Државниот завод за статистика.

(5) Под распределба на вишокот приходи и/или остварената добивка не се смета трошењето на средствата за работење на социјалното претпријатие, соодветни награди на вработените и работно ангажираните лица за постигнат учинок во работењето на претпријатието, најмногу во висина до една месечна нето плата на работникот.

**Статусни промени**
**Член 20**

(1) Со спојување, поделба, преобразба или друга статусна трансформација на социјалното претпријатие, статусот на социјално претпријатие престанува.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, новонастанатиот правен субјект има право да достави барање за стекнување на статус на социјално претпријатие.

**Ликвидација на социјално претпријатие**
**Член 21**

(1) Без оглед на одредбите од други закони, по завршување на постапката за ликвидација на социјално претпријатие, средствата што остануваат по намирување на доверителите и другите обврски, остатокот од имотот и опремата може да се пренесат само на друго социјално претпријатие, друго непрофитно правно лице или на општината, општините на градот Скопје и градот Скопје.

(2) Имотот и опремата од ставот (1) на овој член, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да го користат само за цели на социјално претприемништво.

(3) По престанок на социјалното претпријатие, лицата кои биле во програма за социјална реинтеграција и работно ангажирање согласно овој закон, се упатуваат во социјално претпријатие кое ги презема средствата од став (1) од овој член или во друго социјално претпријатие односно во програма доколку има, со решение на центар за социјална работа или центар за вработување, а со цел довршување на социјалната интеграција и работното ангажирање.

## V. Глава
## ПОСЕБНИ ФОРМИ НА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

### 1.Социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање

### Член 22

(1) Социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање, покрај условите предвидени со членовите 5, 6, 7 и 9 од овој закон, треба да исполни и посебни улови и тоа:

- да има програма за социјална реинтеграција и работно ангажирање, со дефинирани услуги, работилници, обуки со практична работа и активности и менторство за работна интеграција, со цел овозможување активација и полесен пристап на пазарот на труд на лица од социјално ранливи групи;
- да има најмалку еден инструктор на седум лица од социјално ранливи групи за спроведување на програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање;
- по потреба да има ментори за спроведување на програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање
- програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање да ја спроведува во соработка со, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија - центрите за вработување и центрите за социјална работа, а по потреба и со Управата за извршување на санкции, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, и
- да има предвидено соработка со други правни и физички лица на локално ниво.

(2) Целта на социјалното претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање е низ процес на менторска поддршка, обука и работен процес да се олесни пристапот на пазарот на трудот, социјална и професионална реинтеграција на лицата од социјално ранливи групи.

(3) Постапката за добивање и продолжување на статус на социјално претпријатие за социјално работно ангажирање се води согласно со членовите 13 и 14 од овој закон.

(4) Формата и содржината на програмата од ставот (1) алинеја 1 на овој член ја пропишува министерот.

**Мерки за поддршка на социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање**

**Член 23**

(1) Социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање добива неповратни финансиски средства за купување на основни средства, во зависност од бројот на учесници во обуките и активностите предвидени за социјална реинтеграција и работно ангажирање.

(2) Социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање може еднаш годишно да добие и финансиска поддршка за тековни оперативни трошоци, во висина до 50% од годишните оперативни трошоци од Програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање.

(3) Финансиската поддршка од ставовите (1) и (2) на овој член се доделува согласно критериумите и условите предвидени во член 39 став (1) и (2) од овој закон.

(4) Средствата од ставовите (1) и (2) на овој член се обезбедуваат согласно Годишната програма за поддршка и развој на социјални претпријатија.

**Упатување на лица од социјално ранливи групи во социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање**

**Член 24**

(1) Надлежниот центар за социјална работа или центарот за вработување упатуваат лица во социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање, на начин и постапка утврдени со закон.

(2) Управата за извршување на санкции ги упатува лицата кои се наоѓаат на издржување на казна затвор, како и лицата спрема кои се извршуваат пробациски работи во социјалните претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање, на начин и постапка утврдени со закон.

(3) Социјалното претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање со упатеното лице од ставовите (1) и (2) на овој член склучува договор за социјално работно ангажирање.

(4) Социјалните претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање соработуваат со надлежниот центар за социјална работа и центарот за вработување заради упатување на лица од социјално ранливи групи, кои самоиницијативно побарале вклучување во програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање.

(5) Обуката и практичната работа од програмата за **социјална реинтеграција и работно ангажирање** е во времетраење од 12 месеци, а по исклучок до 18 месеци кога лицето има повеќе видови на ранливост.

(6) Лицата од ставот (5) од овој член имаат право на повторно вклучување во друга обука и практична работа од програмата за **социјална реинтеграција и работно ангажирање**, по период од шест месеци од завршувањето на обуката и практичната работа.

(7) Социјалното претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање обезбедува лекарско уверение за кандидатот пред да го вклучи во обуката и практичната работа.

(8) Трошоците за обезбедување на уверението од ставот (7) на овој член се покриваат од Годишната програма за поддршка и развој на социјални претпријатија.

9) Лицето упатено на обука и практична работа, кое е дел од програмата за **социјална реинтеграција и работно ангажирање** потпишува договор за социјално работно ангажирање со социјалното претпријатие.

(10) Социјалните претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање го известуваат надлежниот центар за социјална работа, центарот за вработување и Управата за извршување на санкции за лицата вклучени во програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање, во рок од пет работни дена од денот на започнувањето на програмата.

**Договор за социјално работно ангажирање**

**Член 25**

(1) Договорот за социјално работно ангажирање содржи податоци за местото и видот на услугата која треба да се обезбеди, периодот на социјално работно ангажирање, начинот на престанок и раскинување на договорот и датум и место на склучување на договорот.

(2) Во договорот од став (1) од овој член, се утврдува и право на:

- надоместок за ангажирање во висина од 80% од минималната нето плата утврдена согласно закон, на кој износ се плаќа придонес за задолжително осигурување во случај на повреда на повреда на работа и професионално заболување и данок на личен доход, и
- користење на средства за заштита при работа согласно со прописите за безбедност и здравје при работа.

(3) Надоместокот за ангажирање на лицата од социјално ранливи групи се обезбедува од Годишна програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија или преку учество во активна програма или мерка од Оперативниот план за активни мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот.

(4) По исклучок од ставовите (2) и (3)од овој член, надоместокот за социјално работно ангажирање за лицата кои се кои наоѓаат на издржување на казна затвор се исплаќа согласно Законот за извршување на санкции.

(5) Надоместокот за социјално работно ангажирање не може да биде предмет на извршување согласно закон.

## Права и обврски на социјалното претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање

### Член 26

(1) Социјалното претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање има право на надомест на трошоците за спроведување на **Програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање**, која се спроведува со финансиска поддршка од Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија.

(2) Спроведувањето на обука и практична работа согласно програмата за **социјална реинтеграција и работно ангажирање** се врши:

- од страна на најмалку еден инструктор;
- во група од најмалку седум учесници;
- со обезбедена дневна обука од најмалку шест часа и практична работа за учесниците во програмата;
- со обезбедена заштитна опрема при работа за сите лица вклучени во програмата (инструктори и ученици);
- со обезбеден еден оброк дневно во текот на периодот на спроведување на програмата, и
- преку организирање едукативни, културни/спортски активности за лицата вклучени во програмата за **социјална реинтеграција и работно ангажирање**, најмалку два пати неделно.

## Права и обврски на лицата кои се обучуваат низ работен процес

### Член 27

(1) Лицата кои се обучуваат низ работен процес имаат право на:

- надоместок за социјално работно ангажирање, кој се исплатува најдоцна до 15-ти во месецот за претходниот месец;
- право на надоместок за привремена спреченост за работа поради болест за период до две недели во висина од 80% од надоместокот утврден во членот 25 став (2) алинеја 1 од овој закон;
- право на неоправдано отсуство од три дена во текот на еден месец;

- право на пет дена платен годишен одмор;
- право на стимулативна награда за успешност, најмногу во висина од 50 % од износот на надоместокот предвиден со членот 25 став (2) алинеја 1 од овој закон, кога социјалното претпријатие генерира вишок на приходи, и
- право на практикантство кај други работодавачи, согласно закон.

(2) Лицата кои се обучуваат имаат обврска редовно да ги извршуваат задачите и работите за време на учеството во програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање и одговорно да располагаат со средствата на социјалното претпријатие.

(3) Во случај на неоправдано отсуство од обуката до три дена, надоместокот од членот 25 став (2) алинеја 1 од овој закон се намалува за 20% за секој ден неоправдано отсуство.

(4) Во случај на неоправдано отсуство од четири работни дена од обуката, лицето во целост го губи правото на надоместок од членот 25 став (2) алинеја 1 од овој закон .

(5) Критериумите за исплата на стимулативната награда од став (1) алинеја 5 на овој член се утврдуваат со акт на социјалното претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање.

(6) За време на обуката и практичната работа согласно членот 26 став (2) од овој закон, преку менторска поддршка од страна на социјалното претпријатие или посредување при вработување од Агенцијата за вработување, лицето кое се обучува се упатува на работа на отворениот пазар на труд, во социјално претпријатие или преку самовработување.

(7) Ако по завршувањето на обуката и практичната работа, во рок од шест месеци лицето не се вработило, истото има право да склучи нов договор за социјално работно ангажирање во друга програма за **социјална реинтеграција и работно ангажирање** или со друго социјално претпријатие за социјално работно ангажирање.

**Права на социјално работно ангажирање на лицето остварени по други основи**

**Член 28**

(1) Надоместокот за социјално работно ангажирање на лицето од член 25 став (2) алинеја 1 од овој закон и стимулативна награда за успешност од член 27 став (1) алинеја 5 од овој закон не влијае врз остварување на правата од алинеја 1, 2 и 3 од овој член на овој закон и не се пресметуваат како приход на домаќинството:

- право на гарантирана минимална помош и други парични права, согласно прописите од областа на социјалната и детската заштита.
- право на паричен надоместок стекнато по основ осигурување во случај на невработеност и не се брише од евиденцијата на невработени лица.
- други права на паричен надоместок утврдени со посебни закони.

**2. Социјално претпријатие за работна интеграција**
**Член 29**

(1) Социјално претпријатие за работна интеграција спроведува активности за поттикнување на одржлив локален развој и има за цел вработување на лица од социјално ранливи групи.

(2) Социјално претпријатие за работна интеграција може да спроведува дополнителни активности за социјална интеграција на лицата вработени во социјално претпријатие, кои не се дел од економските активности што ги врши социјално претпријатие.

**Член 30**

(1) Социјално претпријатието за работна интеграција, покрај условите предвидени согласно членовите 5, 6, 7 и 9 од овој закон треба да исполни и посебни услови и тоа :

- да има вработено најмалку три лица врз основа на договор за вработување во рок од шест месеци по добивањето на статусот, и
- најмалку 30% од сите вработени лица да се лица од социјално ранливи групи, кои вршат работа врз основа на договор за вработување.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член може да биде вработено со договор за вработување со полно работно време или со договор за вработување со најмалку половина од полното работно време.

(3) Лицето од ставот (1) алинеја 2 на овој член склучува договор за вработување согласно општите прописи за работни односи, за период од најмалку 12 месеци.

(4) Социјално претпријатие за работна интеграција може да аплицира за финансиска поддршка за креирање на нови работни места за лица од социјално ранливи групи во Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија, со обврска да ги исполни критериумите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член во рок од шест месеци по добивањето на финансиската помош.

**Консултативно и советодавно тело**
**Член 31**

(1) Социјалното претпријатие за работна интеграција има консултативно и советодавно тело составено од сите лица вработени во ова претпријатие.

(2) Консултативното и советодавното тело ги врши следниве работи:

- се запознава со резултатите од активностите на социјалното претпријатие и дава мислења, најмалку еднаш годишно;
- дава мислења за принципите и начинот на организација на работата на социјалното претпријатие, и
- дава мислења за планираните активности на социјалното претпријатие, особено за спроведување на работната интеграција.

**Поддршка за работа на социјално претпријатие за работна интеграција**

**Член 32**

(1) Социјалното претпријатие за работна интеграција добива неповратни почетни финансиски средства за купување на основни средства за создавање на работни места, во зависност од бројот на работници од лицата од социјално ранливи групи.

(2) Финансиските средства од ставот (1) на овој член се обезбедуваат преку Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија, на начин и под услови предвидени со членот 39 од овој закон.

(3) Социјалното претпријатие за работна интеграција може да аплицира на други јавни повици на национални и меѓународни фондови и проекти.

(4) Социјалното претпријатие за работна интеграција има право да добие субвенција на платата за вработеното лице од социјално ранливи групи, во времетраење од најмногу 12 месеци, при што за првите шест месеци во висина од 100%, а наредните шест месеци во висина од 50% од минималната плата утврдена со закон.

(5) Средствата од ставот (4) на овој член се обезбедуваат од Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија, а ги исплаќа социјалното претпријатие.

(6) Социјалното претпријатие за работна интеграција кое користело субвенција согласно ставот (4) на овој член има обврска:

- да го задржи работникот за дополнителниот период од најмалку шест месеци, ако субвенцијата е обезбедена за период од шест месеци, или
- да го задржи работникот за дополнителниот период од најмалку 12 месеци ако субвенцијата е обезбедена за период од 12 месеци.

(7) Социјалното претпријатие за работна интеграција по завршување на користењето на субвенцијата за плата за вработено лице од социјално ранливи групи од став (4) на овој член, има право на субвенции за придонесите за задолжително социјално осигурување во период од шест месеци во висина од 50% на придонесите пресметани на минималната плата утврдена согласно закон.

(8) Средствата од ставот (7) на овој член се обезбедуваа од Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија, а ги исплаќа социјалното претпријатие.

(9) Социјалното претпријатие за работна интеграција кое вработува лица со попреченост има право на поддршка согласно Законот за вработување на инвалидни лица и во тој случај нема право да ја користи поддршката согласно овој член односно има можност да избере по кој закон ќе ја користи поддршката.

(10) За реализираните исплати согласно ставовите (4) и (7) на овој член, социјалното претпријатие за работна интеграција доставува месечен извештај - декларација за исплата издадена од Управата за јавни приходи до Комисијата за евалуација на поднесените барања за финансиска поддршка од членот 39 став (4) од овој закон.

(11) Социјалното претпријатие за работна интеграција има право да добие и поддршка согласно членот 33 став (1) и член 35 од овој закон.

**Финансиска поддршка за вработување на лица од социјално ранливи групи**

**Член 33**

(1) Социјалното претпријатие кое вработува лица од социјално ранливи групи, ако вработи лице на неопределено време најмалку на половина работно време, за истото има право на субвенции за придонесите за задолжително социјално осигурување во целост, во период од 12 месеци од денот на вработувањето, пресметани на минималната плата, а во следните шест месеци право на субвенција на истите во висина од 50% пресметани на минималната плата утврдена согласно закон.

(2) Средствата од став (1) на овој член се обезбедуваат преку Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија за тековната година.

(3) Социјалното претпријатие има пристап и до други програми и мерки за вработување и услуги на пазар на труд.

(4) За едно исто лице не може да се користат повеќе мерки во исто време.

**Даночни ослободувања**

**Член 34**

(1) Социјалното претпријатие има право на ослободување од данок на личен доход за вработувањата на лица од социјално ранливи групи коишто користат финансиска поддршка согласно членовите 23, 32 и 33 од овој закон, во периодот додека трае поддршката.

(2) Социјалното претпријатие е ослободено од данок на добивка.

(3) Социјалното претпријатие доставува даночна пријава за целите на данокот на добивка.

**Други инструменти за поддршка на социјалните претпријатија**

**Член 35**

(1) Социјалното претпријатие, со стекнат статус согласно овој закон, може да учествува во постапки за јавни набавки кои се спроведуваат со примена на одредбите за резервирани договори и резервирани договори за набавка на посебни услуги, во согласност со Законот за јавни набавки.

(2) Социјалното претпријатие има право да добие субвенции за советодавни услуги и друг вид на поддршка од постоечките програми и фондови за поддршка на мали и средни претпријатија.

(3) Со посебни закони и/или програмски активности можат да се предвидат и други видови на поддршка, ослободување, олеснување или поволности за социјалните

претпријатија, кои обезбедуваат еднакви конкурентски можности на социјалните претпријатија со другите економски субјекти и тоа нема да преставува нарушување на конкуренцијата.

## VI. Глава
## СИСТЕМ ЗА ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

### Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија
### Член 36

(1) Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) донесува Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија, за период од седум години, и акциски планови за период од три години.

(2) Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија (во натамошниот текст: Национална стратегија) и Акциски план се основни стратешки документи за остварување на целите од член 2 од овој закон.

(3) Националната стратегија од ставот 1 на овој член ја изготвува министерството надлежно за работите од областа на трудот, по претходно мислење од Националниот совет за социјално претприемништво, со која се уредуваат следниве работи:

- состојбата и развојот на социјалните претпријатија;
- преглед на еко-системот во кој функционираат социјалните претпријатија;
- политики за поддршка на развојот на социјалните претпријатија;
- стратешки приоритети, и
- цели и мерки за поддршка и развој на социјалните претпријатија.

### Годишна програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија
### Член 37

(1) Владата донесува Годишна програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија.

(2) Министерството надлежно за работите од областа на трудот ја изготвува Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија, по претходно мислење од Националниот совет за социјално претприемништво.

(3) Годишната програма од ставот (1) на овој член содржи:

- мерки, активности, резултати, показатели и временска рамка за спроведување на програмата ;
- одговорни институции и организации за спроведување на програмата, и
- средства и извори на финансирање на програмата.

(4) Во Годишната програма од ставот (1) на овој член, средствата за финансиска поддршка од ставот (3) алинеја 3 на овој член, се утврдуваат како:

- неповратни средства (во натамошниот текст: почетен грант) за основање и почеток со работа на социјални претпријатија ;
- субвенција на придонесите на социјалните претпријатија од член 33 од овој закон;

- надоместокот по основ на договор за социјално работно ангажирање согласно член 25 став (2) алинеја 1 од овој закон;
- субвенција на плата и придонеси на плата согласно членот 32 ставовите (4) и (7) од овој закон;
- поддршка на социјалните претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање и социјалните претпријатија за работна интеграција, согласно членовите 23 и 32 од овој закон;
- грантови за развој и проширување на социјалните претпријатија;
- грантови за социјални иновации;
- ко-финансирање на обуки за професионален развој на вработените и ангажираните лица, во првите три години по стекнување на статусот на социјално претпријатие
- за спроведување на Програма за работа на Центар за социјални претпријатија.

(5) Годишната програма за поддршка за развој на социјални претпријатија од ставот (1) на овој член се донесува најдоцна до 31 декември за следната буџетска година.

**Финансирање на Годишната програма за поддршка и развој на социјални претпријатија**

**Член 38**

Средства за спроведување на Годишната програма за поддршка и развој на социјални претпријатија се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Северна Македонија;
- фондови на ЕУ, вклучително и претпристапната помош и други меѓународни инструменти за помош;
- средства остварени по основ на меѓународна билатерална и мултилатерална соработка на програми, проекти и други активности во областа на социјалното претприемништво и
- други извори на средства, во согласност со закон.

**Доделување на средства за поддршка**

**Член 39**

(1) Средствата од Годишната програма за поддршка и развој социјалните претпријатија од член 37 став (4) алинеите 1, 5, 6, 7, 8 и 9 од овој закон се доделуваат преку јавен повик , кој се објавува најмалку еднаш годишно, на социјално претпријатие кое ги исполнува следниве критериуми:

- има социјално, општествено или влијание врз животната средина;
- квалитет на бизнис план и одржливост;
- потенцијал за раст, човечки ресурси и социјален капитал и
- степен на социјална иновативност.

(2) За финансиската поддршка за социјалните претпријатија за работна интеграција, покрај критериумите на став (1) на овој член се замаат предвид и планираниот број на вработени, а за социјалните претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање и планираниот број на лица за практична работа и обука.

(3) Во јавниот повик се наведуваат:

- корисникот на средствата;

- височината на средствата;
- намената на средствата;
- начинот на пријавување на јавниот повик;
- начинот на доделување на средствата;
- роковите за пријавување, за одлучување и за известување за исходот на постапката;
- потребната документација, и
- другите услови за доделување на финансиска поддршка.

(4) За доделување на средствата од став (1) на овој член, министерот формира Комисија за евалуација на поднесените барања за финансиска поддршка.

(5) Комисијата од став (4) на овој член е составена од пет члена, од кои еден претставник од Министерството надлежно за работите од областа на трудот, еден претставник на граѓански организации од областа на социјалното претприемништво предложен од Советот за соработка меѓу владата и граѓанското општество, еден претставник од Агенцијата за поддршка на претприемништво, еден претставник на Македонска банка за поддршка и развој и еден експерт за проценка на бизнис планови предложен од Асоцијација на банки.

(6) Членовите на Комисијата од став (4) на овој член се назначуваат за време од две години, но не повеќе од два последователни мандати.

(7) Членовите на Комисијата од став (4) на овој член имаат право на годишен паричен надоместок во износ од најмногу две просечни исплатени месечни нето плати во Република Северна Македонија за претходната година, кој го определува министерот со решение.

(8) Комисијата од став (4) на овој член донесува деловник за работа.

(9) Комисијата ги разгледува пристигнатите барања за доделување на средствата врз основа на условите и критериумите утврдени во ставовите (1), (2) и (3) од овој член, ја утврдува комплетноста и уредноста на доставената документација, врши евалуација на барањата и за истото изготвува мислење, кое го доставува до министерот.

(10) Министерот, врз основа на мислењето донесено од Комисијата од став (4) на овој член, во рок од 60 дена од денот на завршување на јавниот повик донесува решение за доделување на финансиска поддршка.

(11) За доделените средства од ставот (1) на овој член, министерот со корисникот на средствата склучува договор.

(12) Во случај на постоење на судир на интереси при доделување на средствата согласно со овој закон, се применува Законот за спречување на судир на интереси.

(13) Министерот ги пропишува квалитативните и квантитативните елементи за критериумите за оценка на исполнетост на условите од ставовите (1) и (2) и формата и содржината на барањето од ставот (9) на овој член.

**Национален ресурсен центар за поддршка на социјалните претпријатија**

**Член 40**

(1) Министерството надлежно за работите од областа на трудот, поддршката на социјалните претпријатија ја обезбедува преку Национален ресурсен центар за

поддршка на социјалните претпријатија (во натамошниот текст: Центар за социјални претпријатија).

(2) Работата на Центарот за социјални претпријатија ја врши Оператор, избиран на јавен повик под услови и на начин утврдени со членовите 44 и 45 од овој закон.

**Активности на Центарот за социјални претпријатија**
**Член 41**

(1) Центарот за социјални претпријатија ги врши следните работи:

- врши промоција и развој на социјалните претпријатија;
- организира и спроведува обука, едукација и техничка поддршка на социјалните претпријатија;
- дава административно -техничка поддршка на Комисијата од член 39 став (4) од овој закон;
- обезбедува помош за пристап до финансиски средства за основање и работа на социјалните претпријатија и промовирање на инструментите за поддршка;
- воспоставува соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и организации и други домашни и странски правни и физички лица, за развој на социјалните претпријатија;
- поттикнува приватни инвестиции и финансирање на социјално-иновациски проекти и ги промовира можностите на социјалните претпријатија и
- собира податоци за социјалните претпријатија со цел за следење и оценка на трендовите и развојот на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија, врз основа на кои изготвува анализа на состојбите, која ја доставува до Министерството надлежно за работите од областа на трудот најмалку еднаш годишно.

(2) Центарот за социјални претпријатија воспоставува соработка со институции на национално и локално ниво во областа на локален економски развој, регионален развој, поддршка на претприемништво (центрите за развој на планските региони, фондациите за поддршка на претприемништвото и малото стопанство, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој и други институции и организации за поддршка на претприемништвото).

**Член 42**

(1) Центарот за социјални претпријатија поддршката на социјалните претпријатија ја дава преку следните услуги:

- промовирање на концептот и принципите на социјалното претприемништво,
- поттикнување на социјалното претприемништво во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и иницирање и развој на меѓу секторски локални партнерства;

- развој на професионални вештини за водење бизнис и управување со социјалните и/или еколошките влијанија;
- креирање можности за взаемно учење, вмрежување и соработка на социјалните претпријатија и помеѓу социјалните партнери и другите чинители (бизнис секторот, општините, образовните институции, финансиските институции итн.);
- поддршка на продуктивноста и креирање на нови работни места;

- поддршка за воспоставување и развој на социјална реинтеграција и работно ангажирање;
- јакнење на капацитетите за учество во резервирани јавни набавки;
- поддршка за пристап до фондови на ЕУ, заеми, и други можности за финансирање на социјалните претпријатија и
- поддршка за зајакнување на човечкиот, иновативниот и деловниот потенцијал на социјалните претпријатија.

(2) Центарот за социјални претпријатија ја следи реализацијата на доделените финансиски средства со јавниот повик од член 39 од овој закон, изготвува извештај кој го доставува до Министерството надлежно за работите од областа на трудот најмалку еднаш годишно и се објавува по одобрување на Министерството надлежно за работите од областа на трудот, а кој содржи податоци за:

- нови социјални претпријатија кои се основани;
- воспоставени социјални претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање;
- подготвени бизнис планови;
- обезбедена финансиска поддршка од социјалните претпријатија(повратни и неповратни финансиски инструменти);
- воспоставени локални партнерства меѓу општини, приватни компании и социјални претпријатија и зголемување на нивната продажба;
- потпишани договори за услуги помеѓу општините и социјалните претпријатија и
- организирани настани за мрежно поврзување меѓу социјалните претпријатија и организирање на саеми за социјални претпријатија, конференции, семинари, написи, репортажи, информативни сесии за препознавање на социјалните претпријатија.

(3) Центарот за социјални претпријатија, може да ја унапредува и проширува својата работа со дополнителни средства, кои операторот ги обезбеди од други извори на финансирање.

**Програма за работа на Центарот за социјални претпријатија**
**Член 43**

(1) За извршување на работите од членовите 41 и 42 од овој закон, Центарот за социјални претпријатија изготвува Програма за работа.
(2) Програмата од став (1) на овој член се реализира со финансиските средства предвидени во Годишната програма за поддршка и развој на социјални претпријатија.

(3) Министерот ја пропишува содржината на програмата за работа на Центарот за социјални претпријатија.

**Услови за избор на оператор за работење на Центарот за социјални претпријатија**
**Член 44**

(1) За оператор на Центар за социјални претпријатија може да се избере правно лице регистрирано во Република Северна Македонија и тоа:

- здружение или фондација кое извршува економски активности;
- друштво со ограничена одговорност со утврдена општествена или еколошка цел или
- задруга.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член можат да се пријават за избор на Оператор на Центар за социјални претпријатија преку привремени форми на здружувања со домашни или странски правни лица.

(3) За оператор Центар за социјални претпријатија може да биде избрано правно лице од ставот (1) на овој член или здружените субјекти од ставот (2) на овој член, кои:

- работеле најмалку две години во обласа на социјалното претприемништво;
- имаат најмалку осумнаесет месеци искуство во соработка со социјални претпријатија, здруженија, фондации или други правни субјекти со општествени или еколошки цели;
- имаа докажано искуство во поддршка на правни субјекти во областите наведени во член 39 став 1;
- во последните две години оствариле соработка во обласа на социјалното претприемништво со општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, и /или финансиски институции и други правни субјекти;
- имаат најмалку три лица со искуство од најмалку две години работно искуство во обласа на социјалното претприемништво и/или услугите на Центарот за социјални претпријатија кои ќе бидат вработени во Центарот за социјални претпријатија и
- обезбедуваат заштита на личните податоци согласно закон.

(4) За Оператор на Центарот за социјални претпријатија не може да биде избрано правно лице ако:

- негов член или основач е политичка партија;
- врз него е отворена стечајна постапка или постапка за ликвидација;
- има неплатени даноци, придонеси од задолжително социјално осигурување, царини или друг вид на јавни давачки;
- против него се води постапка за присилно извршување;
- не поднесува редовни годишни финансиски извештаи, согласно закон или
- во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени со

Кривичниот законик: учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детски труд и трговија со луѓе.

5) Субјектите од став (2) на овој член треба поединечно да ги исполнуваат условите од ставовите (1), (2) и (4) на овој член, додека условите од ставовите (3) треба да ги исполнат како привремени форми на здружувања.

**Член 45**

(1) Операторот се избира на јавен повик.

(2) Министерството надлежно за работите од областа на трудот објавува јавен конкурс за избор на Оператор, во кој се наведуваат условите, потребните документи, роковите за спроведување на постапката по јавниот конкурс и временскиот период за кој ќе се склучува управен договор со избраниот оператор.

(3) Јавниот конкурс се објавува во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и на веб страницата на Министерството.

(4) Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие од член 12 став (1) од овој закон ја спроведува постапка за избор на Оператор.

(5) Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие ги разгледува пристигнатите барања врз основа на условите и критериумите утврдени во членот 44 од овој закон, ја утврдува комплетноста и уредноста на доставената документацијата и изготвува мислење за избор на оператор, кое го доставува до министерот.

(6) Министерот, врз основа на мислењето донесено од Комисијата од ставот (5) на овој член, во рок од 60 дена од денот на завршувањето на јавниот повик донесува решение за избор на Оператор.

(7) Министерот со избраниот оператор од ставот (6) на овој член склучува управен договор, кој со кој се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности во вршење на работите на Центарот за социјални претпријатија, и тоа:

- предмет на договорот;
- времетраењето на договорот;
- финансирањето и надзорот над работата на Центарот за социјални претпријатија;
- правата и обврските кои ги има операторот, согласно програмата за работа;
- правата и обврските кои ги презема Министерството;
- условите за континуирано вршење на работите на Центарот за социјални претпријатија условите за квалитетно вршење на работите на Центарот за социјални претпријатија и
- други посебни услови за вршење на работите на Центарот за социјални претпријатија.

(8) Управниот договор од ставот (1) на овој член престанува да важи по истекот на рокот за кој е склучен и во случај на престанување со работа на субјектот од член 40 став (2) од овој закон.

(9) Управниот договор се склучува во траење од пет години.

## VII. Глава
## НАДЛЕЖНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ

### Национален совет за социјално претприемништво
### Член 46

Владата формира Национален совет за социјално претприемништво како експертско, мулти-секторско советодавно тело (во натамошниот текст: Совет), заради креирање на политики за развој на социјалното претприемништво, за анализа на потребите за развој на социјалното претприемништво, вклучување на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во определувањето и спроведувањето на политиките за развој на социјалното претприемништво на локално и регионално ниво, за подготовка на документи за развој и анализа и евалуација (оценка) и следење на спроведувањето на мерките за развој на социјалното претприемништво и политиките на претприемништвото.

### Состав на Националниот совет за социјално претприемништво
### Член 47

(1) Националниот совет за социјално претприемништво го сочинуваат 17 членови, кои ги назначува Владата и тоа:

- по еден претставник од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина, Министерството за финансии, кабинетот на претседателот на Владата, кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања и од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;
- еден претставник од центрите за развој на планските региони, коишто ќе се номинираат со ротирачко членство (или кои имаат ротирачко членство) на секои две години;
- тројца претставници од социјалните претпријатија;
- двајца претставници од здруженијата или фондациите што работат на развој на социјално претприемништво и обезбедуваат поддршка за социјалните претпријатија;
- еден претставник од академската заедница;
- еден претставник од операторот на Националниот центар за поддршка на социјалните претпријатија и
- еден претставник од финансиска институција.

(2) Мандатот на членовите на Советот е четири години, со можност за еден реизбор.
(3) Членовите на Советот од ставот (1), алинеите 3, 4, 5 и 7 на овој член, се избираат на јавен повик.

**Надлежност на Советот**

**Член 48**

(1) Советот дава мислење за Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија и Годишната програма за финансиска поддршка и развој на социјалните претпријатија кои ги донесува Владата и го следи нивното спроведување.

(2) Покрај надлежностите од ставот (1) на овој член, Националниот совет може да ги врши следните работи:

- анализирање на потребите за развој на социјалните претпријатија врз основа на постоечки истражувања, студии и извештаи;
- промовирање на интеграцијата на заедниците во утврдувањето и спроведувањето на политиката на развој на социјално претприемништво на локално и државно ниво;
- анализирање на развојни документи, стратегии, проекти и анализи;
- следење на примената на мерките и политиките за развој на социјалните претпријатија;
- прибирање на информации, мислења и ставови од страна на социјалните претпријатија и субјектите што обезбедуваат поддршка на социјалните претпријатија;
- следење на спроведувањето и дава мислење на годишниот извештај за спроведување на Националната стратегија и Акцискиот план на и
- изготвува годишни извештаи за својата работа.

(3) Советот ги реализира своите надлежности преку мислења, заклучоци и препораки до надлежните институции за развој на социјалните претпријатија.

(4) Стручните, административните и организациските прашања за потребите на Советот ги врши министерството надлежно за работите од областа на трудот.

(5) Советот се состанува најмалку четири пати годишно.

(6) Работата на Националниот совет се уредува со деловник за работа.

**Надлежности на Министерството за работите од областа на трудот во спроведувањето на овој закон**

**Член 49**

(1) Министерството надлежно за работите од областа на трудот врши:

- координација на политиките во областа на социјалното претприемништво со министерствата, Агенцијата за вработување, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;
- координација на извршувањето на стручните задачи од членот 48 од овој закон, го следи работењето на социјалните претпријатија и спроведувањето на мерките за унапредување на развојот на социјалните претпријатија, и
- надзор на работата на Операторот на Центарот за социјални претпријатија
- контрола над користењето на средствата доделени од Годишна програма за финансиска поддршка на социјалните претпријатија и доставува годишен извештај до Владата на Република Северна Македонија.

(2) Министерството од став (1), во соработка со другите министерства, Советот и Владата, подготвува Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија, Акциски план и Годишна програма за финансиска поддршка на социјалните претпријатија, го следи спроведувањето на стратегијата, акцискиот план и годишната програма, подготвува анализи, извештаи и други стручни материјали за Советот во соработка со други министерства и владини ресори, ги утврдува и следи исполнувањето на условите утврдени со овој закон за работа на социјалните претпријатија и условите за престанок на статусот на социјално претпријатие и ја води евиденцијата предвидена со овој закон.

(3)

**Надлежност на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за спроведување на овој закон**

**Член 50**

(1) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во согласност со одредбите на овој закон и законот со кој се уредува унапредувањето на сеопфатен регионален развој, можат да планираат, финансираат и спроведуваат политики за развој на социјалните претпријатија на територијата на одредена општина или на ниво на развоен плански регион.

(2) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје склучуваат договор/договори за соработка со социјално претпријатие за социјално работно ангажирање и со социјално претпријатие за работна интеграција на територија во нивна надлежност во кои/и го дефинираат начинот на поддршка.

(3) Поддршката од ставот (2) на овој член може да вклучува финансиски средства согласно членовите 23 и 32 од овој закон, алоцирање на средства за извршување на јавни работи, материјална поддршка, просторни услови за работа, промоција на социјалното

претпријатие, купување на добра и услуги на социјалното претпријатие и други форми на поддршка, согласно потребите и можностите.

## VIII. Глава

## ЕВИДЕНЦИЈА

### Евиденција на социјалните претпријатија

### Член 51

(1) Министерството надлежно за работите од областа на трудот води електронска евиденција на социјалните претпријатија во регистар за социјални претпријатија.
(2) Регистарот од ставот (1) на овој член се води заради собирање, обработка, проследување и јавно објавување на податоци за социјалните претпријатија во правниот промет.
(3) Регистарот на социјални претпријатија е јавен и достапен преку веб страната на министерството надлежно за работите од областа на трудот.

### Содржина на регистарот на социјални претпријатија
### Член 52

(1) Регистарот на социјални претпријатија ги содржи следните податоци:

- назив на правен субјект, седиште и контакт информации на социјалното претпријатие;
- информации за лицата овластени за застапување;
- ЕМБС на социјалното претпријатие;
- ЕДБ број на социјалното претпријатие;
- социјална, општествена или еколошка мисија на социјалното претпријатие;
- дејностите и активностите преку коишто ги остварува целите и мисијата утврдени во статутот;
- организационен облик на социјално претпријатие;
- број и датум на решението за стекнување на статус на социјално претпријатие;
- број и датум на решението за престанување на статусот на социјалното претпријатие и причини за престанок на социјалното претпријатие;
- број на корисници на социјалното претпријатие; ;
- број на вработени во социјалното претпријатие, колку од нив се од лицата од социјално ранливи групи;

(2) Социјалното претпријатие е должно да го извести министерството надлежно за работите од областа на трудот за секоја промена на податоците во рок од 30 дена од денот кога настанале тие промени.

(3) Начинот на водење на регистарот од ставот (1) на овој член го пропишува министерот.

**Трговска марка и слоган за препознавање на социјалните претпријатија**
**Член 53**

(1) Министерството надлежно за работите од областа на трудот регистрира трговска марка и слоган за препознавање на социјално претпријатие.

(2) Правното лице кое се стекнало со статус на социјално претпријатие има право да ја користи трговската марка и слоганот наменети за одбележување на производи и услуги изработени и дадени од социјалното претпријатие, под услови определени со актот на Министерството надлежно за работите од областа на трудот .

(3) Трговската марка може да се користи само како дополнување на постојната трговска марка на социјалното претпријатие.

(4) Формата и содржината на трговската марка и слоганот ги пропишува министерот.

**Размена на податоци**
**Член 54**

Министерството надлежно за работите од областа на трудот врши електронска размена на податоци со Централниот регистар на Република Северна Македонија и Управата за јавни приходи за субјектите што се стекнале или на кои им престанал статусот на социјално претпријатие.

**IX. Глава**

## НАДЗОР И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### Надзор над примената и инспекциски надзор

Член 55

Надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон го врши Министерството за труд и социјална политика.

Инспекциски надзор над спроведувањето и примената на одредбите од овој закон врши Министерството за труд и социјална политика.

При спроведување на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

### Овластувања на инспекцијата за надзор

Член 56

Инспекцискиот надзорот го вршат инспектори согласно овластувањата утврдени со закон и врз основа на закон донесените прописи.

## Инспекциска мерка опомена при вршење на инспекциски надзор

Член 57

(1)Ако при вршењето на инспекциски надзор надлежниот инспектор утврди дека субјектот на инспекцискиот надзор сторил прекршок утврден во член 59 од овој закон, е должен за сторениот прекршок да состави записник, согласно со закон, и со решение на субјектот на инспекцискиот надзор да му изрече инспекциска мерка опомена и да му определи рок во кој е должен да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци.

(2) Решението од ставот (1) на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот, согласно со закон.

(3) Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности и други повреди на закон или друг пропис или утврдените неправилности се отстранети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со решението од ставот (1) на овој член, инспекторот ја запира постапката, со констатација во записникот, согласно со закон.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, инспекторот може да изрече инспекциска мерка со усно решение наведено во записникот, согласно со закон.

(5) Во случајот од ставот (4) на овој член, инспекторот е должен веднаш, а најдоцна во рок од осум дена, да донесе писмено решение за изрекување на инспекциска мерка, согласно со закон

(6) Против решението од ставовите (1) и (5) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно со закон.

(7) Жалбата не го одлага извршувањето на решението од ставовите (1) и (5) на овој член.

(8) За изречените опомени надлежниот инспекциски орган води евиденција, на начин пропишан од страна на министерот надлежен за работите од областа на трудот.

## Инспекциска мерки наредба при вршење на инспекциски надзор

Член 58

(1) Ако надлежниот инспектор, утврди повреда на одредбите од овој закон, над чија примена врши инспекциски надзор, за која повреда има изречено инспекциска мерка опомена од член 57 од овој закон, со решение ќе му нареди на субјектот на надзорот да преземе потребни дејствија со кои ќе ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци.

(2) За постапувањето по донесеното решение, субјектот на надзорот е должен да го извести надлежниот инспектор.

(3) Против решението од ставот (1) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до надлежниот орган за одлучување во втор степен, согласно со закон.

(4) Жалбата не го одлага извршувањето на решението од ставот (1) на овој член.

**X.ПРЕКШОЧНИ ОДРЕДБИ**

Член 59

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на микро и мало социјално претпријатие -правно лице, глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на средено социјално претпријатие -правно лице и глоба во износ од 4.000 до 8.000 евра во денарска противвредност на големо социјално претпријатие -правно лице, ако:

- врши директна и индиректна распределба на вишокот приходи или средства, спротивно на членот 18 став (5) и член 19 ставовите (1) и (2) од овој закон;
- не доставува годишни извештаи за социјалното влијание предвидени со овој закон, спротивно на членот 17 став (1) алинеја 2 од овој закон;
- во годишните извештаи предвидени со овој закон прикажува лажни информации, спротивно на членот 17 став (1) алинеја 2 од овој закон;
- не доставува доказ за пренесените средства согласно членот 18 став(5);
- за определени прашањата во одлучувањето учествуваат засегнати страни, а притоа се повреди правото на нивно информирање, роковите и начините на нивно информирање согласно статутот или актот за основање, спротивно на членот 6 став (1) алинеја 5 од овој закон;
- на работникот му престане работниот однос спротивно на условите под кои социјалното претпријатие користи финансиска поддршка согласно членот 32 став (4) алинеи (1) и (2);
- не достави анализа на состојбите за следење и оцена на трендовите и развојот на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија согласно член 41 став (1) алинеја 7 од овој закон;

- не достави извештај за реализација на доделените финансиски средства со јавен повик согласно член 42 став (2) од овој закон;
- не ја чува документацијата што го потврдува основот за користење на поддршката за вработените лица од социјално ранливи групи, спротивно на членот 42 став (8), и
- ненаменски ги користи средствата добиени како поддршка врз основа на стекнатиот статус на социјално претпријатие.

(2) Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во социјалното претпријатие кај микро и мало социјално претпријатие , глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност кај средено социјално претпријатие и глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

(3) За прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## XI.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 60

(1) Владата во рок од шест месеци од денот на примената на овој закон формира Национален совет за социјално претприемништво и ги избира неговите членови.

(2) Министерството надлежно за работите од областа на трудот во рок од шест месеци од денот на примената на овој закон избира Оператор -на Национален ресурсен центар за поддршка на социјалните претпријатија.

(3) Министерството надлежно за работите од областа на трудот во рок од шест месеци од денот на примената на овој закон формира Комисија за утврдување на статус на социјално претпријатие од член 12 став (1) и Комисија за евалуација на поднесените барања за финансиска поддршка од член 39 став (4) од овој закон.

### Член 61

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Законите кои уредуваат работи содржани во овој закон, ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 62**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2025 година.

I.ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Во главата I се уредени општите одредби кои се однесуваат на законските решенија.

Со членот 1 е предвидено што е предмет на Законот, се уредуваат целите и принципите на работа на социјалните претпријатија, условите и критериумите и постапката за стекнување и престанување на статусот на социјално претпријатие, посебните форми на социјалните претпријатија , системот за поддршка и развој на социјалните претпријатија други прашања од значење за социјалните претпријатија.

Со членот 2 е предвидено дека целта на Законот е правно регулирање воспоставување, поддршка и развој на социјалните претпријатија.

Со членот 3 дадено е објаснување на значењето на сите изрази кои се употребуваат во законот.
Со член 4 се утврдени принципите на работење на социјалните претпријатија, односно предвидено е дека работењето на секое социјално претпријатие ќе се заснова на принципот на солидарност, доброволност, автономност, транспарентност, еднаквост и недискриминација, пазарни принципи, одржлив развој, човекови права, демократско управување и одлучување и вршење на работи од јавен интерес.

Во главата II се уредени прашањата во врска со статусот на социјалното претпријатие.

Имено, со членот 5 се уредува кој може да добие статус на социјално претпријатие и формите на социјални претпријатија.
Со членот 6 се дефинираат условите за стекнување на статус на социјално претпријатие , периодот на траење на статусот, и можноста за продолжување на статусот на социјално претпријатие..

Со членот 7 е утврдена содржината на статутот или актот за основање на социјалното претпријатие.

Со членот 8 предвидува кои правни лица не можат да се стекнат со статус на социјално претпријатие.

Законот дава можност социјалното претпријатие да ги врши сите дејности кои се предвидени со Националната класификација на дејности ( член 9), освен дејностите кои се предвидени во членот 10.
Со членот 11 е предвидено дека социјалното претпријатие може да биде организатор и на волонтерска работа и може да вклучува волонтери согласно Законот за волонтерството.

Во главата III пропишана е постапката за стекнување со статус на социјално претпријатие.

Со членот 12 е предвидено постапката за стекнување и престанување на статус да се утврдува од страна на Комисијата за стекнување статус на социјално претпријатие. Во истиот член е уреден составот, мандатот и начинот на формирање на Комисијата и нејзината работа.

Со членот 13 се уредува постапката за стекнување и продолжување на статус на социјално претпријатие како и потребните докази за истото.

Во членот 14 пропишана е постапката за утврдување на статус на социјално претпријатие од страна на Комисијата за утврдување статус на социјално претпријатие, за што истата изготвува мислење, кое се доставува до министерот во рок од 30 дена. По доставеното мислење, министерот изготвува решение за статусот, во рок од 15 дена, а против решението може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Со член 15 се уредува запишувањето на статусот на социјалното претпријатие во Централниот Регистар на Република Северна Македонија.

Со членот 16 ги уредува причините и постапката за престанок на статусот на социјалното претпријатие.

Во главата IV се пропишани обврските кои произлегуваат со стекнување на статус на социјално претпријатие. Тие обврски се предвидени во членот 17, а членот 18 го уредува начинот на располагање со средствата во случај на престанок на социјалното претпријатие.

Во членот 19 предвидено е за што може да се користи вишокот на приходите и остварената добивка од страна на социјалното претпријатие.

Со членот 20 се предвидуваат случаите за статусни промени, а со членот 21 случаите на ликвидација на социјално претпријатие.

Во главата V се пропишани посебни форми на социјални претпријатија.

Посебните услови за стекнување на статус на социјални претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање се пропишани во членот 22 и целта на социјалните претпријатија за олеснување на пристапот на пазарот на труд на лицата од социјално ранливи групи.

Со членот 23 предвидени се мерките за поддршка на социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање.

Членот 24 ја уредува постапката на упатување на лицата од социјално ранливи групи во социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање.

Членот 25 го уредува елементите на Договорот за социјално работно ангажирање, правата на работно ангажираното лице, нивниот надоместок.

Со членот 26 пропишани се правата и обврските на социјалното претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање.

Правата и обврските на лицата кои се обучуваат низ работниот процес од страна на социјалните претпријатија за социјална реинтеграција и работно ангажирање се уредени во членот 27, а во членот 28 се дефинирани правата на работно ангажираното лице остварени по други основи, врз кои надоместокот од работно ангажирање нема влијание.

Со членот 29 се дефинирани активностите на социјално претпријатие за работна интеграција, како посебна форма на социјално претпријатие, а во членот 30 и дополнителните услови кои социјалното претпријатие треба да ги исполнува за да може да врши работна интеграција на лица од социјално ранливи групи.

Членот 31 го пропишува постоење на Консултативно и советодавно тело и ги предвидува неговите надлежности.

Членот 32 ги дефинира финансиските средства за поддршка за работа на социјалното претпријатие и условите за нивното добивање, додека членот 33 ги уредува условите за добивање на финансиската поддршка доколку се вработат лица од социјално ранливи групи.
Членот 34 ги пропишува даночните ослободувања на кои има право социјалното претпријатие, а членот 35 други инструменти за поддршка на социјалните претпријатија.

Главата VI го разработува системот за поддршка и развој на социјалните претпријатија кој што се врши преку Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија (член 36) и Годишната програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија.

Начинот на финансирање на Годишна програма за поддршка и развој социјалните претпријатија е уреден со членот 38, а со членот 39 се уредуваат критериумите како и начинот на доделувањето на средствата за поддршка.

Работата на Националниот ресурсен центар за поддршка на социјални претпријатија (Центарот за социјални претпријатија) е предвидена во членот 40. Членовите 41 и 42 ги утврдуваат активностите и условите кои Центарот ги дава на социјални претпријатија со цел за поддршка на нивната работа.

Член 43 ја пропишува Програмата за работа Центарот за социјални претпријатија која се реализира со финансиски средства предвидени во Годишната програма за поддршка и развој на социјални претпријатија.
членот 44 и ги уредува условите за избор, а членот 45 начинот на избор на оператор за работење на Центарот за социјални претпријатија.

Главата VII пропишани надлежностите на одделни тела и институции и органите на локалната самоуправа за спроведување и следење на политиките за развој на социјалното претприемништво.

Така членот 46 го уредува воспоставувањето на Национален совет за социјално претприемништво, членот 47 неговиот состав, а членот 48 е надлежностите на Советот.

Членот 49 ги набројува надлежностите на Министерството надлежно за работите од областа на трудот, додека членот 50 надлежностите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Со главата VIII, односно со членот 51 предвидено е министерството надлежно за работите од областа на трудот да води евиденција на социјалните претпријатија во електронскиот регистар кој е јавен и достапен преку веб страна.
Членот 52 ја уредува содржината на регистарот на социјалните претпријатија.
Членот 53 утврдува обврска за министерството надлежно за работите од областа на трудот да регистрира трговска марка и слоган за препознавање на социјалните претпријатија, и истовремено можноста за користење на трговската марка од страна на социјалните претпријатија.
Членот 54 предвидува електронска размена на податоци на Министерството надлежно за работите од областа на трудот со Централниот регистер на Република Северна Македонија и Управата за јавни приходи.

Во главата IX го уредува надзорот над спроведување на законот и инспекцискиот надзор, а главата X ги пропишува прекршочните одредби за не почитување на обврските од овој закон.

Главата содржи преодни и завршни одредби, и предвидува примена на овој закон од 1 јануари 2025 година.